Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија
Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување
со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје
Operatori i sistemit elektrotransmetues i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Shoqëri aksionare për transmetim të energjisë elektrike dhe menaxhim
me sistemin elektroenergjetik, në pronësi shtetërore, Shkup
Бр.-Nr. 02-4696/1
16.07 20 24 год.-viti
СКОПЈЕ SHKUP

Врз основа на член 20, член 25 и член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. весник на РС Македонија бр. 101/19), во врска со поднесеното барање бр. 02-4696 од 11.07.2024 година од Институт за демократија и економски анализи – ИДЕА, ул. „Тетовска" бр. 33/1/6, Скопје, преку застапник Илир Османи, Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (како имател на информации) го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

**СЕ ПРИФАЌА** барањето од Институт за демократија и економски анализи – ИДЕА, ул. „Тетовска" бр. 33/1/6, Скопје, преку застапник Илир Османи.

## Образложение

Барателот на информацијата на ден 11.07.2024 година, до Имателот на информации – АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје поднесе барање бр. 02-4696 за следната информација од јавен карактер:

- Колкав е бројот на вработени со договор на дело во проследните три години во МЕПСО;
- Имиња и презимиња на вработени со договор на дело во последните три години во МЕПСО:

Информацијата ја бараат во форма на електронски запис по е-маил.

Имателот на информации – АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје по разгледување на барањето и добиените информации од службите надлежни за оваа проблематика го дава следниот одговор:

АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје, во последните три години, како што е наведено во барањето на барателот на ИЈК, **нема ангажирано работници со Договор за дело ниту пак склучено Договори за дело.**

Врз основа на изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на Решението.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение барателот на информации од јавен карактер има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје**
**Генерален директор,**
**Zuhdi Boçe**

Службени лица за посредување со ИЈК
Виолета Зајкова Стојановска
Андреј Јосифовски

Д-но

- Барател
- Службени лица за посредување со ИЈК
- Архива